

Пишува Анита ГИБСОН

**Читајќи ја долгата листа на бенефицираните на USAID, нели се чувствувате измамени?**

**Кој ја создаде оваа елита? Кој ги финансираше “независните“ интелектуалци, новинари, аналитичари, политички активисти, “невладини“ организации? Кој ги плаќаше луѓето што со години ни кажуваа што е правилно, што треба да мислиме, што да прифатиме, а што да отфрлиме?**

**ЈА ГЛЕДАТЕ ЛИ СЕГА ИГРАТА?**

**Се создаваше вештачка елита, луѓе кои од нигде-никаде станаа “влијателни“, “релевантни“, “авторитети“. Нивните кариери не беа изградени врз квалитет, туку врз странско финансирање.**

**Медиумите купени. Активистите обучени. Јавната свест програмирана.**

**Со години не’ убедуваа дека треба да наликуваме на нив - дека “западните вредности“ се единствениот пат, дека нашата традиција, нашиот начин на живот, нашите корени се застарени и треба да се менуваат.**

**СЕГА ГЛЕДАТЕ ЛИ КАКО НЀ ПОТКОПАА?**

**Ни го разградуваа општеството одвнатре. Го менуваа ткивото на општеството.**

**Ни создаваа економска зависност - преку грантови, невладини проекти и финансирани “експерти“.**

**Ги насочуваа медиумите - од кои “автоматски“ доаѓаа истите наративи со кои ни го переа умот од позиција на авторитет!**

**Ги моделираа младите генерации - новинарите, интелектуалците, политичките “аналитичари“, кои од нигде-никаде добиваа платформи за да “мислат за нас“.**

**И што добивме? Народ кој не знае што е вистина, што е лага. Народ кој не гледа**

**дека целата оваа структура работеше не за нас, туку за нив!**

**Дали тоа е демократија? Демократија ли е кога ти наметнуваат туѓи вредности? Кога ти ја бришат историјата? Кога ти ја менуваат културата под изговор на “прогрес“?**

**ТОА Е ИСТО КАКО ГМО!**

**Тие не промовираат природен развој - туку нè програмираат! Нè менуваат! Создаваат вештачка, модифицирана нација, нација која нема свој правец, туку само следи команди.**

**ШТО ПРАВИМЕ СЕГА?**

**Ги отвораме очите! Го проучуваме списокот на бенефицирани. Ги идентификуваме медиумите одговорни за платениит наратив и ги отфрламе! Одбиваме да бидеме манипулирани.**

**И, најважно од сè - никогаш повеќе да не дозволиме да нè убедуваат дека сме “застарени“ или “глупави“ затоа што размислуваме со своја глава, затоа што гаиме свои традиции, култура и вера.**

**Ние никогаш не бевме проблемот.**

**Ние бевме нормални!**

**Тие само сакаа да нè убедат во спротивното.**